НАЦИОНАЛНО БИРО ЗА ОСИГУРУВАЊЕ
»NATIONAL INSURANCE BUREAU«
Бр. 0201- 938/7-18
16.03 2018 год.
СКОПЈЕ - SKOPJE

# С Т А Т У Т
## на
## Националното биро за осигурување - Скопје

*март, 2018 година*

Врз основа на член 51 ст. 4 од Законот за задолжително осигурување во сообраќајот („Службен весник на Р. Македонија" бр.88/2005,70/2006, 81/08,47/11,135/11,112/14 и 145/15), Собранието на Националното биро за осигурување на својата 9-та редовна седница, одржана на 16.03.2018 година усвои

# СТАТУТ
# на Националното биро за осигурување - Скопје

## *I. ОСНОВНИ ОДРЕДБИ*

### *Член1*

Со овој Статут се уредува работењето на Националното биро за осигурување - Скопје (во понатамошен текст " Биро").

### *Член 2*

Бирото е правно лице - непрофитна организација со права и обврски утврдени со Законот за задолжително осигурување во сообраќајот (во понатамошен текст "Закон"), Закон за супервизија на осигурувањето, Договорот на Национално биро за осигурување (во понатамошниот текст "Договор за Бирото"), овој Статут, и друга законска регулатива на што подлежи Бирото.

Бирото се стекнува со својство на правно лице со упис во трговски регистар.

Во правниот промет, Бирото настапува во свое име и за своја сметка, како и во име и за сметка на друштвата за осигурување од Република Македонија - членки на Бирото.

### *Фирма и седиште*

### *Член 3*

Името на Бирото гласи:
**"Национално биро за осигурување-Скопје"**.

Неговото име на странски јазици гласи:
- на англиски: *"NATIONAL INSURANCE BUREAU"*
- на француски: *"NATIONAL BUREAU D'ASSURANCE"*
- на германски: *"NATIONAL BURO FUR DIE VERSICHERUNG"*

Седиштето на Бирото е во Скопје, на ул. "Митрополит Теодосиј Гологанов" бр. 28.

***Член 4***

Печат, штембил и заштитен знак

Печатот на Бирото има тркалезна форма на чија рамка е наведено неговото име на македонски јазик со кирилично писмо и на англиски јазик, а во средина , местото на седиштето - Скопје.

Штембилот на Бирото има правоаголна форма. На горниот дел е наведено името на Бирото и седиштето - Скопје, на македонски јазик со кирилично писмо и на англиски јазик а на долниот дел се наведени графите: примено, организациона единица, број, прилог и вредност.

Заштитен знак на Бирото претставува стилизиран глобус во сина боја на чија половина се наоѓа лента во зелена боја која симболизира зелена карта.

## ***II.ПРЕДМЕТ НА РАБОТА НА БИРОТО***

***Член 5***

Основната дејност на Бирото согласно Националната класификација на дејности е подведена под класа 65.12 - неживотно осигурување.

Бирото ги врши следните работи:

1) Врши работи согласно со меѓународните спогодби за осигурување од одговорност на сопствениците и корисниците на моторни возила (зелена карта) и ги претставува друштвата пред меѓународните организации на друштвата за осигурување;
2) Издава и печати меѓународни зелени карти за потребите на членките, и води евиденција за издадените зелени карти посебно за секое друштва;
3) Води статистичка евиденција и врши статистичка обработка на статистичките податоци добиени од друштвата за осигурување согласно статистичките стандарди и истите квартално ги објавува на својата веб страна;
4) Врши работи кои се од заеднички интерес на друштвата за осигурување, пропишани во Законот за трговски друштва или Статутот на Бирото, како и други работи за кои е овластено од членките;
5) Донесува Кодекс на однесување на друштвата за осигурување:
6) Формира Гарантен фонд , изготвува квартални пресметки за уплата на средствата и рефундирање на исплатените штети како и врши други работи согласно законот;

7) Ги координира работите на друштвата за осигурување - членки на Бирото;
8) Прибира, обработува, чува, користи и доставува лични податоцикои се потребни за неговиот делокруг на работа, во согласност со Законот за заштита на личните податоци и посебните прописи кои се однесуваат на базата на податоци од областа на осигурувањето;
9) Прибавува податоци за осигурување на возила со македонска регистерска ознака побарање на странски национални бироа и нивни членки;
10) Признава меѓународни исправи или други докази за осигурување со кои лица со моторно возило со странска регистрација можат да влезат на територијата на Република Македонија;
11) Согласно законите соработува со Министерството за внатрешни работи и други овластени органи за работи непосредно поврзани со дејноста и функциите на Бирото.
12) Врши рефундирање на исплатените надоместоци во случаи кога друштвото за осигурување – обработувач на оштетното побарување не може да го регресира исплатениот надомест од исплатното Биро и ги враќа средствата од гарантниот фонд на членката на Бирото;
13) По исклучок, врши обработка на штети во случаи на невремено извршување на обврските од страна на одделно друштво за осигурување - членка на Бирото и дава налог за исплата на штетата од страна на членката, и го известува надлежното биро или членката од земјата во која е регистрирано странското моторно возило.
14) Го одзема правото на членките на Бирото за регулирање на оштетни побарувања во случаи утврдени со Статутот.
15) Бирото врши работи на ликвидација и исплата на штети настанати од неосигурани и непознати возила.
16) Дава согласност и спроведува постапка за склучување на кореспондентски договори и води евиденција за склучените договори;
17) Ги претставува друштвата за осигурување, соработува и активно учествува, како членка во Советот на националните бироа, остварува взаемни обврски кои произлегуваат од актите на Советот, во согласност со интересите на своите членки, како и перманентно ги информира членките на Бирото за сите промени поврзани со осигурувањето од автомобилска одговорност, односно зелена карта;
18) Ги претставува друштвата за осигурување од Република Македонија, членки на Бирото во Меѓународните организации и институции за осигурување, и соработува со надлежните државни и други органи и организации во Република Македонија, заради остварување на законските надлежности и успешно работење на Бирото;
19) Ја следи и средува домашната и странска судска пракса од доменот на осигурување од автоодговорност, и ја доставува до членките на Бирото;
20) Издава билтен за осигурување и стручно списание од областа за осигурувањето за информирање на своите членки и другите физички и правни субјекти,

21) Воспоставува информациски центар,
22) Воспоставува и одржува централен систем за евиденција на полиси и штети од употреба на моторно возила, и
23) Врши и други работи согласно со закон и Внатрешните одредби на Советот на Бироа – Критски договор.

## *III. ЧЛЕНКИ НА БИРОТО И НИВНИ ПРАВА И ОБВРСКИ*

Прием на членки во Бирото

### *Член 6*

Членка на Бирото е секое друштво за осигурување кое има дозвола за вршење работи на осигурување во една или повеќе класи на задолжително осигурување утврдени во Законот за задолжително осигурување во сообраќајот.

За прием на нова членка на Бирото одлучува Собранието на Бирото по претходно поднесено барање заедно со потпишани изјави за пристапување во членство на Бирото од страна на друштвото за осигурување кое има намера да стане членка на Бирото со кои изјавува дека се согласува со Договорот и Статутот на Бирото и презема обврски за исполнување на сите барања за членство пропишани со истите.

Членките на Бирото се должни во целост да се придржуваат на одредбите од Договорот, Статутот, правилниците, договорите и останатите акти донесени и потпишани од Бирото во согласност со овој статут.

### *Член 7*

Членките имаат право и обврска :

- да учествуваат во работата на органите и работните тела на Бирото и да ги извршуваат нивните одлуки и заклучоци;
- да ги исполнуваат обврските за финансирање на Бирото и други обврски утврдени со договорот за основање;
- да ги почитуваат и да се придржуваат на нормативните акти на Бирото;
- да пружат помош на Бирото во извршување на неговите задачи кои произлегуваат од Законот и нормативните акти;
- по барање на Бирото редовно да ги доставуваат сите акти и документи кои се потребни за извршување на надлежностите на Бирото;
- да ги исполнуваат обврските преземени од Бирото со неговото членување во меѓународни асоцијации за осигурување или утврдени со меѓународни договори, и
- на други обврски утврдени со Закон , овој Статут и други нормативни акти.

## Престанување на членство во Бирото

### Член 8

Членството во Бирото престанува со:

1) исклучување на членка на Бирото;
2) престанок со вршење работи на осигурување во една или повеќе класи на задолжително осигурување утврдени во Законот за задолжително осигурување во сообраќајот;
3) одземање или истекување на дозволата за вршење работи на осигурување во една или повеќе класи на задолжително осигурување утврдени во Законот за задолжително осигурување во сообраќајот.

Одлука за престанок со членство во Бирото донесува Собранието на Бирото на предлог на Управниот одбор на Бирото и за истата ја известува Агенцијата за супервизија на осигурување.

Од моментот на донесување на Одлука за престанок со членство во Бирото, друштвото за осигурување – членка на Бирото е должно да престане со издавање на полиси за осигурување во класата/те на задолжително осигурување утврдени во Законот за задолжително осигурување во сообраќајот како и со издавање на зелени карти, а сите непродадени предпечатени зелени карти е должно да ги врати во Бирото.

Од моментот на донесување на Одлука за престанок со членство во Бирото, Бирото врши исклучување на друштвото од Централниот систем на евиденција на полиси и штети.

Членката на Бирото на која и престанало членството во Бирото е должна да ги подмири сите обврски за тековната деловна година како и сите останати доспеани обврски спрема Бирото.

Членката на Бирото на која и престанало членството во Бирото гарантира за својот дел од неподмирените обврски спрема Бирото кои настанале до датумот на престанок со членство се до нивно целосно исполнување.

При престанување на членство во Бирото или при исклучување на членство во Бирото, Бирото е должно по целосно регулирање на стасаните обврски од Гарантниот фонд, да ги резервира преостанатите средства на друштвото за период од 5 години, кои ќе се користат исклучиво за исплата на штети предвидени во член 11, став 1, точки 1, 2 и 4 од овој Статут.

По истек на периодот од 5 години, непотрошените средства кои останале во Гарантниот фонд, а кои припаѓаат на друштвото на кое му престанало членството, во целост му се исплаќаат на друштвото.

Друштвото за осигурување на кое му престанало членството е должно да обезбеди банкарска гаранција, за исполнување на своите обрски од веќе издадените зелени карти на своите осигуреници и за неизмирените обврски спрема Бирото.

## Исклучување на членка од Бирото

***Член 9***

Членка на Бирото може да биде исклучена од членство во Бирото доколку:

1) не ги исполнува обврските за финансирање на Бирото предвидени со Договорот и овој Статут;
2) не ги исполнува обврските преземени од Бирото со неговото членство во меѓународни асоцијации за осигурување или обврските на Бирото утврдени со меѓународни договори;
3) не ги исполнува останатите обврски утврдени со Договорот на Бирото и овој статут.

Во случаите од ставот 1 на овој член, Бирото определува рок за исполнување на обврските од страна на членката на Бирото кој не може да биде подолг од 30 дена и за тоа ја известува Агенцијата за супервизија на осигурување.

Доколку членката на Бирото не ги исполни обврските во рокот од став 1 на овој член, Бирото по претходна согласност од Агенцијата за супервизија на осигурување, го исклучува друштвото за осигурување од членство во Бирото и го повлекува одобрението на друштвото да издава зелени карти.

За исклучување на членка на Бирото со донесување на Одлука за исклучување одлучува Собранието на Бирото на предлог на Управниот одбор на Бирото.

***Член 9а***

## Престанок на членство по основ на престанок со вршење работи во класите на задолжително осигурување

Престанок на членство во Бирото како резултат на престанок со вршење работи на осигурување во класите на задолжително осигурување утврдени во Законот за задолжително осигурување во сообраќајот или одземање/истекување на дозволата за вршење работи на осигурување утврдени во Законот за задолжително осигурување во сообраќајот се врши по добиено Решение за одземање или истекување на дозволата за вршење работи на осигурување во класите на задолжително осигурување од страна на Агенцијата за супервизија на осигурување.

## *IV. СРЕДСТВА НА БИРОТО*

### *Член 10*

Средствата на Бирото ги сочинуваат :
а) средствата на Гарантниот фонд, и
б) средствата за финасирање на стручната служба на Бирото.

## а) *СРЕДСТВА НА ГАРАНТЕН ФОНД*

### *Член 11*

Националното биро за осигурување формира Гарантен фонд кој служи за исплата на :

1) штети настанати на територијата на Република Македонија од непознати и неосигурени моторни возила и приколки, неосигурени чамци и бродови на моторен погон, како и неосигурени воздухоплови;

2) штети настанати на територијата на Република Македонија од превозни средства регистрирани за превоз на патници во јавен сообраќај за кои сопствениците не склучиле договор за осигурување на патници од последици на несреќен случај - незгода;
3) штети од задолжителни осигурувања кои оштетените лица не можат да ги наплатат поради престанок на друштвото за осигурување со кое е склучен договорот за осигурување, при што се исплаќа само оној дел од штетата кој не бил надоместен од стечајната маса на друштвото за осигурување и
4) штети од осигурени моторни возила кои потекнуваат од територијата на Република Македонија за кои согласно со Критскиот договор и други меѓународни договори гарантира Националното биро за осигурување.

Од средствата на Гарантниот фонд не се надоместуваат штети настанати од употреба на неосигурени странски моторни возила што се движат на територијата на Република Македонија, а за кои важат посебни меѓународни договори чиј потписник е Република Македонија.

### *Член 12*

Друштвата за осигурување кои вршат работи на задолжително осигурување се должни да уплатат средства во Гарантниот фонд кои служат за исплата на штети во случаите наведени во Законот, во износ сразмерен на премијата остварена по одделни класи на задолжително осигурување во претходното тримесечје, за тековното тримесечје од тековната година.

Средствата од ставот 1 на овој член друштвата за осигурување се должни да ги уплатат во рок од 15 дена од денот на добивањето на известувањето од страна на Бирото.

Минималниот износ на средства во Гарантниот Фонд го определува Управниот одбор на Бирото по претходна согласност од Агенцијата за супервизија на осигурување и истиот не може да биде понизок од 3 милиони ЕВРА во денарска противвредност за периодот од став 1 на овој член.

Износот на средства во Гарантниот Фонд од ставот 3 од овој член се определува врз основа на методологија за пресметка на потребните средства во Гарантниот фонд кој ја донесува Управниот одбор на Бирото.

Доколку средствата од Гарантниот фонд, согласно став 3 од овој член бидаат целосно или делумно искористени, Собранието на Бирото по предлог на Управниот одбор на Бирото донесува Одлука за уплата на дополнителните средства до висина утврдена во ставот 3 од овој член.

Утврдениот износ на дополнителни средства членките се должни да го уплатат во Гарантниот фонд на Бирото,во рок од 30 дена од донесената Одлука на Собранието на Бирото.

### *Член 13*

Средставата од Гарантниот фонд им припаѓаат на друштвата за осигурување - членки на Бирото сразмерно на уплатениот придонес, по регулирање на сите обврски од член 8 и 9 од овој Статут.

Бирото има посебна жиро сметка на средствата за финансирање на Гарантниот фонд.

### *Член 14*

Друштвата за осигурување - членки на Бирото се должни да уплатат по 25.000 ЕВРА, во денарска противвредност по курсот на Народната банка на Република Македонија на денот на уплатата, во Гарантниот фонд пред потпишување на договорот за основање на Бирото.

Уплатените средства од став 1 на овој член се пренаменуваат во Гарантниот фонд.

### *Член 15*

Заради обезбедување, како и заради редовно плаќање на обврските во деловната година , а во смисла на Правилникот за формирање и кори-стење на Гарантниот фонд, членките во Бирото се должни да вршат уплати согласно Правилникот за формирање и користење на Гарантниот фонд .

Доколку некоја од членките не го почитува Правилникот и по испратени две писмени опомени од страна на Бирото не изврши целосна уплата на средства во Гарантиот фонд,директорот на Бирото за тоа ја информира Агенцијата за супервизија на осигурувањето.

## *б) СРЕДСТВА ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА СТРУЧНАТА СЛУЖБА НА БИРОТО*

### *Член 16*

Финансирањето на стручната служба на Бирото, го вршат друштвата за осигурување - членки на Бирото, со уплатување на редовни тримесечни износи, врз основа на добиена фактура од стручната служба на Бирото.

Износот на средствата потребни за годишно финансирање на стручната служба на Бирото се утврдува секоја година за наредната година со усвојувањето на годишниот финансиски план на Бирото, што на предлог на Управниот одбор на Бирото го усвојува и донесува Собранието на Бирото.

Процентот на учество на секоја членка на Бирото во финансирање на стручната служба на Бирото се утврдува врз основа на остварената премија од претходното тримесечје од задолжителните видови осигурувања утврдени со Закон и усвоениот финансиски план за наредната година.

Вака утврдениот процент ќе се применува врз основа на доставените податоци од претходниот став, од страна на членките до стручната служба на Бирото, по истекот на секој квартал, за што ќе се изготвува фактура за секоја членка посебно.

Членките се должни да ги уплатат редовните придонеси најдоцна до последниот ден во месецот од претходниот квартал за наредниот.

Во случај на задоцнето плаќање, членката е должна освен придонесот, да плати и законска затезна камата.

Во колку се укаже потреба, Собранието на Бирото, по предлог на Управниот одбор донесува одлука за ребаланс на планот.

Остатокот од средствата уплатени за финансирање на стручната служба, на крајот на годината, се враќаат на друштвата за осигурување - членки на Бирото пропорционално на извршеното уплатување,или се префрлаат за наредната година како позитивен финансиски резултат.Со одлука на Управниот одбор акумулираниот позитивен финансиски резултат може да се употреби за ребаланс на тековниот финансиски план.

### *Член 17*

Бирото за своето работење во текот на годината изготвува периодични пресметки и Годишна сметка, согласно финансиските прописи.

Управниот одбор со усвојување на годишната сметка пред да изврши распределба на вишокот на средства за финансирање на стручната служба, на

предлог на Директорот може да донесе Одлука дел од вишокот на средства се распределат за награда за работниците во Бирото, сразмерно на нивниот придонес во ратотата.
За наградата на директорот на Бирото одлучува Управниот одбор на Бирото.

***Член 18***

Бирото има посебна жиро сметка на средствата за финансирање на стручната служба.

## *V. УПРАВУВАЊЕ И РАКОВОДЕЊЕ НА БИРОТО*

***Член 19***

Со Бирото управуваат именувани претставници на членките на Бирото.

***Член 20***

Органи на управување и одлучувањена Бирото се;
- Собрание;
- Управен одбор и
- Директор

### А. *СОБРАНИЕ*

***Член 21***

Секоја членка на Бирото делегира во Собранието по еден овластен претставник од редот на своите вработени.

***Член 22***

Собранието ги врши следните работи:

1. донесува Договор на Бирото и негови измени и дополнувања;
2. донесува Статут на Бирото и негови измени и дополнувања;
3. избира Управен одбор;
4. одлучува за статусните промени на Бирото;
5. одлучува за прием на нови членки по предлог на УО;
6. одлучува за исклучување на членка на Бирото на предлог на УО;
7. одлучува за престанок на работа на Бирото;
8. усвојува Годишен извештај за работата на Бирото;
9. усвојува Годишна завршна сметка на Бирото;
10. донесува План за работа на Бирото;
11. усвојува Годишен финансиски план за работа на Бирото;
12. донесува деловник за работа на Собранието;

13. одлучува и за други прашања кои според законот, Договорот на Бирото и овој Статут се во надлежност на Собранието;

***Член 23***

Собранието работи на редовни седници кои се свикуваат најмалку еднаш годишно.

По потреба во текот на годината Собранието може да биде свикано по предлог на Управниот одбор.

Седниците на Собранието се закажуваат со писмена покана.

Поканата со дневниот ред и материјалите за Собранието, мора да се доставaт до членките 8 дена пред одржување на седницата.

Во исклучителни случаи, поканата со дневниот ред и материјалите може да бидат доставени и во пократок рок од рокот предвиден во претходниот став од овој член.

***Член 24***

Мандатот на членовите на Собранието е 4 (четири) години.

Претседателот на Собранието и неговиот заменик ги избира Собранието со мандат од 1 (една) година.

По истекот на мандатот на Претседателот на Собранието и неговиот заменик, заменик претседателот станува Претседател.

Нов заменик претседател на Собранието се избира по принципот на ротација на секоја членка.

Изборот се врши со мнозинство гласови од присутните членови на Собранието.

***Член 25***

На членот на Собранието може да му престане мандатот и пред истек на рокот за кој е избран во случај:

- друштвото за осигурување кое го претставува не е веќе членка на Бирото;
- со престанок на работниот однос во друштвото за осигурување кое го претставува;
- биде отповикан од членката која го предложила;

Членот на Собранието може да биде отповикан од членство пред истекот на рокот за кој е избран, на начин и постапка по која се врши и избор за членство во Собранието.

Мандатот на новоизбраниот член во Собранието ќе трае до истекот од мандатот на неговиот претходник.

*Член 26*

Собранието одлучува на седници со кои раководи Претседателот или неговиот заменик.

Ако при гласањето, гласовите на членките се поделени, Претседателот на Собранието или неговиот заменик, предлага повторно гласање. Ако и тогаш гласовите се поделени, се закажува нова седница.

*Член 27*

Собранието може полноправно да одлучува доколку присуствуваат мнозинство членови од вкупниот број на членови,а одлуките ги донесува со просто мнозинство.

Одлуките за статусни промени, престанок на работа на Бирото, прием на членка и исклучување на членка на Бирото се донесуваат со дво третинско мнозинство од вкупниот број членови.

*Член 28*

Останатите прашања од работата на Собранието се уредуваат со Деловник за работа.

***Б. УПРАВЕН ОДБОР***

*Член 29*

Секоја членка на Бирото во Управниот одбор делегира по еден претставник од редот на членовите на органот на управување на друштвото.

Членовите на Управниот одбор ги избира Собранието.

*Член 30*

Управниот одбор ги врши следните работи:

1. донесува Правилник за организација и систематизација на работните места, Правилник за плати надоместоци и други лични примања, Колективен договор и други акти кои се однесуваат на начинот на работење и организација на Бирото;
2. донесува Правилник за финансиско работење;
3. донесува Правилник за остварување регреси од неосигурани возила;
4. усвојува Годишен финансиски план за Гарантниот фонд;
5. донесува одлука за утврдување на минималниот износ на гарантниот фонд како и ја утврдува висината на средствата кои членките ги уплатуваат во гарантниот фонд;

6. го именува и разрешува директорот на Бирото;
7. склучува менаџерски договор со Директорот на Бирото;
8. донесува Упатство за примена на статистичките осигурителни стандарди;
9. донесува одлуки за дополнително здружување на средствата;
10. донесува одлуки за отпис на ненаплатени побарувања;
11. го разгледува и усвојува Извештајот за попис на средствата и изворите на средства;
12. донесува Правилник за формирање и користење на средствата на Гарантниот фонд;
13. донесува Кодекс на однесување на друштвата за осигурување за работи од надлежност на Бирото.
14. Усвојува годишна сметка и годишниот извештај на Бирото,
15. донесува одлуки за распоредување на вишокот на здружените средства;
16. донесува одлуки за набавка на основни средства;
17. формира свои постојани одбори и комисии;
18. формира Стручен одбор за зелена карта;
19. донесува Правилник за работа на стручниот одбор за зелена карта;
20. дава и одзема генерално овластување на членка за обработка на штети;
21. донесува одлуки за план на патувања во странство на Директорот на Бирото (и други стручни лица, поврзано со целта на патувањето);
22. донесува Деловник за работа на Управниот одбор ;
23. ги предлага актите кои се во надлежност на Собранието;
24. одлучува и по други прашања кои според Закон, Договорот на Бирото и овој Статут, се во надлежност на Управниот одбор;

Останатите прашања од работата на Управниот одбор се уредуваат со Деловник за работа

### *Член 31*

Со одлука на Управниот одбор, Бирото може да го одземе даденото генерално овласување на членките за обработка на штети во следните случаи:

- ако обработката на штети не се врши согласно Внатрешните одредби на Советот на Бироата, Законот и други акти, а со кое се нанесува штета на оштетените странки и на Бирото;
- ако членката континуирано, повеќе од три месеци, не врши рефундација на обврските по штети во смисла на Внатрешните одредби;
- ако поради ненавремено извршување на обврските по штети, странското национално биро од оправдани причини покрене постапка пред Советот на Бироата со која се нарушува угледот на Бирото и може да предизвика тешки последици за опстанокот на Бирото во системот на зелената карта;
- ако не ги почитува одредбите од Кодексот на однесување на друштвата за осигурување, и
- во други случаи за кои ќе одлучи Управниот одбор;

***Член 32***

Мандатот на членовите на Управниот одбор е 4 (четири ) години.

Управниот одбор избира претседател и негов заменик со мандат од 1(една) година.

По истекот на мандатот на Претседателот на Управниот одбор и неговиот заменик, заменик претседателот станува Претседател.
Нов заменик претседател на Управниот одбор се избира по принципот на ротација на секоја членка.

Изборот се врши со мнозинство гласови од присутните членови на Управниот одбор.

***Член 33***

На членот на Управниот одбор може да му престане мандатот и пред истек на рокот за кој е избран ако:

- друштвото за осигурување кое го претставува не е веќе членка на Бирото;
- му престанал работниот однос во друштвото за осигурување кое го претставува;
- биде отповикан од членката која го предложила;

Членот на Управниот одбор може да биде отповикан од членство пред истекот на рокот за кој е избран, на начин и постапка по која се врши и избор за членство во Управниот одбор.

На членот на Управниот одбор ќе му престане мандатот и пред рокот за кој е избран ако не присуствува на седниците на Управниот одбор 6(шест) месеци или 3 (три) последователни седници.Именувањето на нов член на Управниот одбор на Бирото се врши по постапка согласно Статутот.

Мандатот на новоизбраниот член во Управниот одбор ќе трае до истекот на мандатот на неговиот претходник.

***Член 34***

Управниот одбор одлучува на седници со кои раководи претседателот или неговиот заменик.

Ако при гласањето, гласовите на членовите се поделени, претседателот на Управниот одбор дава пауза од 30 минути и повторно предлага да се врши гласање. Ако и тогаш гласовите се поделени, се закажува нова седница.

***Член 35***

Седниците на Управниот одбор ги закажува претседателот на Управниот одбор по потреба, по барање на Директорот и по барање на најмалку двајца членови на Управниот одбор се закажуваат по потреба, со писмена покана.

Поканата со дневниот ред и материјалите за седницата се доставуваат на членовите најмалку 7 (седум) дена пред одржување на седницата.

Во итни случаи, седницата може да биде закажана и во пократок рок од рокот предвиден во претходниот став од овој член,и седниците согласно Законот може да се одржат со гласање по електронски пат.

***Член 36***

Управниот одбор донесува одлуки и заклучоци.

Одлуките и заклучоците Управниот одбор ги донесува со јавно гласање, доколку за одделни прашања не се одлучи поинаку.

***Член 37***

Управниот одбор формира Стручен одбор за зелена карта и Комисија за контрола на штети од Гарантен фонд како и други постојани или повремени одбори и комисии, заради проучување на одделни прашања од осигурувањето и работата на Бирото.

Одборите и комисиите Управниот одбор ги формира од редот на работниците од друштвата за осигурување - членки на Бирото, работници од Бирото или други стручни и квалификувани лица за соодветната проблематика.

Предметот на работа,нивниот состав и други прашања од надлежност на одборите и комисиите, се утврдува со одлука на Управниот одбор.

## В. *ДИРЕКТОР НА БИРОТО*

***Член 38***

Директорот на Бирото го претставува и застапува Бирото, раководи со процесот на работата и е одговорен за законитоста во работењето на Бирото.

Во правниот промет спрема трети лица директорот на Бирото носи назив „Генерален директор“.

За Директор на Бирото може да биде именувано лице кое покрај општите услови предвидени со Закон има:

- висока стручна спрема
- активно знаење странски јазик; (на англиски или француски јазик),
- најмалку 5 години работа на раководно место во друштвата за осигурување или 8 години на раководно место во институции од областа на осигурувањето.

***Член 39***

Управниот одбор го именува Директорот на Бирото без конкурс со мандат од четири години,со право на реизбор.

Управниот одбор ја носи одлуката за именување на директор со двотретинско мнозинство од вкупниот број на членови.

### *Член 40*

Директорот на Бирото:

1. го претставува и застапува Биротово однесувањето со трети лица во земјата и странство;
2. ги извршува одлуките и заклучоците на Собранието и Управниот одбор;
3. предлага Програма за работа, Финансиски план и Годишен извештај за работата на Бирото и мерки за нивно спроведување;
4. предлага Правилник за организација, систематизација и плати и надоместоци за плати за вработените во Бирото.
5. го организира и раководи процесот на работата и предлага мерки за унапредување на работењето на Бирото;
6. дава согласност на странските национални Бироа за склучените кореспондентски договори, за кое го известува Управниот одбор на Бирото;
7. потпишува дополнителни спогодби помеѓу националните Бироа, Спогодби помеѓу националните Бироа за заштита на посетителите и други спогодби кои се од интерес за Бирото и неговите членки по претходна согласност од Управниот одбор, врз основа на мислење на стручниот одбор за зелена карта;
8. обезбедува законитост во работењето на Бирото и се грижи за одржување на ликвидност и солвентност на Бирото;
9. донесува одлуки за набавка на основни средства во висина до 10.000 евра во денарска противвредност,а со претходна согласност од Управниот одбор на Бирото до 30.000 евра во денарска противвредност,согласно усвоениот годишен план за набавка на основни средства на Бирото,
10. одлучува за прием, засновање и престанок на работниот однос со работниците на Бирото, за распоредување на работниците на работни места, ги утврдува нивните плати,донесува Правилници од областа на работните односи, како и други прашања од работниот однос во склад со Колективниот договор и општите акти на Бирото и Законот;
11. Согласно организационата шема на Бирото назначува помошник директор;
12. дава полномошно за застапување на Бирото;
13. врши и други работи кои ќе му бидат ставени во надлежност со општите акти и законските прописи како и одлуките и заклучоците на Управниот одбор и Собранието на Бироточ

### *Член 41*

Директорот на Бирото за својата работа и работата на Бирото, одговара пред Управниот одбор.

### *Член 42*

Доколку работното место за Директор се ослободи, а не биде поставен Директор за одредено време, Управниот Одбор именува Вршител на должноста - Директор на Бирото.

Вршителот на должноста може да ја обавува таа должност најмногу шест месеци од денот на неговото именување.

Вршителот на должноста ги има сите права и обврски како и Директорот на Бирото.

### *Член 43*

Директорот на Бирото може да биде разрешен од должноста со Одлука на Управниот Одбор доколку :

- Управниот одбор не го усвои Извештајот и Годишната сметка на Бирото,
- доколку со несовесна работа е нанесена штета на Бирото и некоја негова членка, односно угледот на Бирото и неговите членки,
- по лично барање и
- во други случаи предвидени со Закон.

Одлука за разрешување на Директорот се донесува со двотретинско мнозинство гласови од вкупниот број членови на Управниот одбор.

## *VI. СТРУЧЕН ОДБОР ЗА ЗЕЛЕНА КАРТА*

### *Член 44*

Стручниот одбор за зелена карта (во понатамошен текст "Стручен одбор") се формира од претставници на сите членки на Бирото, од редот на работниците кои работат на штети по зелената карта.

Еден претставник за член во Одборот предлага Бирото од редот на своите работници кои работат на зелената карта.

Членовите на Стручниот одбор имаат и заменици кои се избираат на ист начин како и членовите на Стручниот одбор.

### *Член 45*

Мандатот на членовите на Стручниот одбор и нивните заменици е 4 (четири) години.

*Член 46*

Предметот на работа на Стручниот одбор се уредува со Правилник за работа, кој го донесува Управниот одбор по предлог на Стручниот одбор за зелена карта.

## *VII .ПЛАН ЗА РАБОТА НА БИРОТО*

*Член 47*

Бирото е должно на годишно ниво да изготвува план за работа и истиот да го доставува до Агенција за супервизија на осигурувањето најдоцна до 31 декември во тековната година за наредната година.

Планот за работа од ставот 1 на овој член покрај другото содржи процена на ликвидноста на Бирото, финансиски извори потребни за исполнување на обврските на Бирото, како и начин на управување со средствата на Гарантниот фонд.

## *VIII . ДЕЛОВНИ КНИГИ И ИЗВЕШТАИ НА БИРОТО*

*Член 48*

Бирото е должно да води трговски книги и да изготвува годишни извештаи, да составува сметководствени документи, да ги вреднува ставките во деловните биланси и годишните сметки и да ја известува јавноста за податоците од годишните извештаи согласно со одредбите од Законот за трговските друштва.

Бирото ги води трговските книги и изготвува деловни биланси според контниот план и билансните шеми наменети за друштвата за осигурување.

Бирото е должно да изготвува годишна сметка и годишен извештај за деловната година која е еднаква со календарската година и истата да ја доставува до Агенција за супервизија на осигурувањето во првите три месеца од тековната година за изминатата година.

Годишниот извештај на Бирото вклучува потврда и мислење од овластен актуар.

## *IX. РАБОТНИЦИ ВО БИРОТО*

*Член 49*

Работниците во Бирото засноваат работен однос со Бирото согласно Законот, Правилник за организација, систематизација и плати и надоместоци на

плати за вработените во Бирото, Колективниот договор и општите акти на Бирото.

### *X. АРБИТРАЖА*

#### *Член 50*

За решавање на споровите кои ќе настанат помеѓу членките на Бирото, а се однесуваат на прашања кои се регулирани со овој Статут, како и спорови помеѓу Бирото и членките, се формира Арбитражен совет.

#### *Член 51*

Арбитражниот совет го сочинуваат три члена од кои по еден арбитер именува секоја странка во спорот и еден неутрален арбитер како трет арбитер кој го именуваат двете странки во спорот.

#### *Член 52*

Арбитрите кои се именуваат, задолжително треба да бидат признати стручњаци од областа на осигурувањето, односно од областа која е предмет на спорот.

#### *Член 53*

Тужителот е во обврска во рок од 15 дена на тужената странка да и достави тужба и да именува свој арбитер.

#### *Член 54*

Тужената странка, по добивање на тужбата е во обврска во рок од 15 дена да одговори на тужбата и да именува свој арбитер.

#### *Член 55*

Двете странки во спорот по именувањето на своите арбитри, во рок од 15 дена треба да го именуваат третиот арбитер.

Доколку двете странки во спорот не се договорат за третиот арбитер, истиот го именува Управниот одбор.

#### *Член 56*

Арбитражниот совет своите одлуки ги донесува со мнозинство на гласови, а третиот арбитер изготвува Извештај и го известува Управниот одбор за донесената одлука.

За текот на спорот важат одредбите за парничната постапка.

Застареноста и преклузијата со започнување на арбитражата не настанува прекин на течењето на роковите на застареност на побарувањето.

Постапката по арбитража завршува со склучување на писмена спогодба за решавање на спорот, со писмена изјава на арбритражниот совет дека по извршените консултации со странките не се оправдани и со писмена изјава на странките дека арбитражата е завршена.

Спогодбата постигната во постапката за арбитража во писмена форма ја изготвуваат самите странки или по нивно барање ја изготвува арбитражниот совет,а ја потпишуваат странките.

Кога странките сакаат на спогодбата да и дадат сила на извршна исправа, содржината на спогодбата ја солемизираат на нотар.

Висината на трошоците за водење на арбитражна постапка не може да биде помалку од 24 евра во денарска противвредност за секој започнат час од арбитражата или пак вкупен износ за арбитражата од 10.000 за спорови до 210.000,00 денари, 20.000,00 денари за спорови до 420.000,00 денари и 40.000,00 денари за спорови над 420.000,00 денари.

## *XI. ИНФОРМИРАЊЕ И ДЕЛОВНА ТАЈНА*

### *Член 57*

Бирото е во обврска редовно да ги информира своите членки за своето работење, материјално - финансиската состојба на Бирото, измените во организацијата на Бирото и други прашања од интерес за управување и одлучување во Бирото.

### *Член 58*

Податоците за работењето, односно податоците за осигурителното работење, кои членот на Собранието и Управниот одбор , односно работник во Бирото ќе ги дознае во обавување на својата функција, а чие соопштување на неовластени лица би било спротивно на интересот на Бирото и неговите членки, се сметаат за деловна тајна и во случај кога како деловна тајна изричито не се обележени.

## *XII. ИЗМЕНА НА СТАТУТОТ*

### *Член 59*

Статутот се менува со одлука за измена или дополнување.

Постапка за измена на Статутот на Бирото се покренува по писмена иницијатива на :

- член на Управен одбор на Бирото;
- Директорот на Бирото и
- една третина од членовите на Собранието.

Предлог-одлуката за измена или дополнување на Статутот , без оглед кој ја дал иницијативата,ја утврдува Управниот одбор и истата мора да биде образложена.

Одлуката за измена или дополнување на Статутот ја донесува Собранието со двотретинско мнозинство.

Собранието со одлука го задолжува Управниот одбор да изготви пречистен текст на Статутот.

### *XIII.ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ*

**Член 60**

Овој Статут стапува на сила и се применува од денот на донесувањето.

**Член 61**

Со донесувањето на овој Статут, престанува да важи Статутот на Националното биро за осигурување - Скопје од 15.08.2014 година, број 0201-2306/14.

***СОБРАНИЕ НА БИРОТО***
***Претседател,***
***Игор Србиноски***